УДК: 316:94(496.02)(049.3)

Mehrdad, Kia. Daily life in the Ottoman Empire. Greenwood, Santa Barbara, Calif, 2011, 320.

Посочената монографија претставува особено интересно дело од област на социјалната историја - историја на секојдневниот живот кој хронолошки го обработува периодот на Османлиската империја. Авторот на книгата Mehrdad Kia[1] преку ова дело ја запознава пошироката јавност со положбата на човекот и неговиот начин на живот, давајќи ни ја толку потребната историја каде во центарот на вниманието е обичниот човек.

Книгата е организирана во тринаесет поглавја:

- Историски преглед
- Султанот и палатата
- Управување на државата
- Градови и села, трговци, занаетчии и селани
- Религиозни заедници
- Муслимани
- Исламското право и образованието
- Суфиските редови и популарната култура
- Љубовните врски и бракот
- Сексот и семејството
- Исхрана, пиење, пушење и славење
- Игри и популарни спортови
- Болест смрт и умирање

Според изнесеното може да се заклучи дека авторот сосема добро тематски ја конструирал темата со цел изнесениот материјал да биде поприлично лесен за следење и за пошироката публика.

Во првиот дел „Историски преглед" авторот ја опишува накратко комплетната историја на Османлиската држава, осврнувајќи се на најважни моменти од нејзиното постоење. Првото поглавје е напишано со цел да послужи како своевиден ориентир и да даде насоки за читателот полесно да сфати во кој временски период и во кои услови се одвиваа подолу опишаните аспекти од секој-

[1] Мехрдад Киа е професор по историја и директор на Центарот за студии на Централна и Југозападна Азија на Универзитетот во Монтана. Тој се фокусира на историјата на Блискиот Исток и Централна Азија. Киа, исто така, има интереси во интелектуалната историја на Иран од 19-тиот и почетокот на 20-тиот век, Отоманската империја и Јужен Кавказ. Објавувал опширно за појавата на новата интелектуална класа во Иран, која се фокусираше првенствено на прашањата на политичката модернизација, социјалните и економските реформи и конфликтот меѓу исламот и модерноста. Добитник е на бројни награди за своето учење. Во 2000 година, беше одликуван како еден од американските професори на годината.

дневниот живот во османлиската империја. Во второто поглавје „Султанот и палатата“ подробно е опишан секојдневниот живот на султанот, организацијата на палатата, харемот, прислужниците, евнусите. Сосема добро и аргументирано е насликан животот во харемот кој често во нашата перцепција се согледува како место за уживање најчесто поради влијанието на патописците кои не секогаш известувале од прва рака и не секогаш доследно ги пренесуваат информациите. Третото поглавје „Управување на државата“ како што и насловот сугерира е посветено на управувањето со државата, државните, чиновници, даноците односно една поширока експликација на целокупниот државно правен апарат. Четвртото поглавје„ Градови и села, трговци, занаетчии и селани “ е посветено на опишување на живото во градовите и селата. Опфатени се и занимањата од типот на трговците, занаетчиите и еснафските организации како и земјоделското производството и опис на живеењето на село. Петтото поглавје „Религиозни заедници“ е опис на османлискиот милет систем и положбата на немуслиманите во однос на муслиманите. Шесттото поглавје „Муслимани“ е органски поврзано со петтото и претставува поширок опис и анализа на муслиманите во однос на другите верски заедници. Во овие анализи е опишан начинот на живот диктиран од прописите на религијата. Седмото поглавје „Исламското право и образованието“ се надоврзува на претходните две, и ги објаснува и анализира шеријатските норми и образованието во османлиската империја. Треба да се напомене дека во ова поглавје е опфатено образованието во класичниот период односно до Танзиматските реформи. Образовните прилики по Танзиматските реформи не се анализирани. Осмото поглавје „Суфиските редови и популарната култура“ е посветено на дервишките редови и се дадени поопширни објаснувања и анализи на поголемите и позначајните дервишки редови. Во овој дел е инкорпорирано и нивното влијание врз популарната култура од тој период и во суштина се покажува дека секојдневната популарна култура знае поприлично да отстапи од нормите и прописите на теократската држава. Деветтото поглавје „Љубовните врски и бракот“ посветено е на начинот на кој што се одвивале љубовните врски и начинот на кој што се склопувале браковите. Опфатени се сите аспекти вклучително и договорните бракови, давањето на михр односно мираз, општествените правила според кои некоја љубовна врска е прифатена или отфрлена од општеството. Десеттото поглавје „Сексот и семејството“ ја анализира интимната сфера од секојдневниот живот на населението. Сосема аргументирано се разгледува сексуалноста во османлиското општество, хетеросексуалноста и хомосексуалноста, проституцијата, односите во семејството. Особено добро е што претходно наведените појави се ставени во контекст на тогашните прописи и норми па се добива одлична слика за она што било дозволено и посакувано и недозволено и забрането не сепак не така ретко практицирано.

Единаесеттото поглавје „Исхрана, пиење, пушење и славење“ зборува за исхраната пиењето, конзумацијата на тутун и опијати како и начинот на прославување во османлиското општество. Особено добро доловена е на мешавината од алалот и харамот односно на дозволеното и недозволеното, од што произлегува начинот на живот, уживање и славење во тој период. Дванаесеттото поглавје „Игри и популарни спортови“ го опишува и анализира мноштвото на спортски активности и начини на рекреација во османлиското општество. Даден е опис и на друштвените игри кои се играле од типот на шах, табла игри со карти итн. Последното тринаесеттото поглавје е посветено на „Болест смрт и умирање“ односно прикажан е крајот на животниот циклус. Подробно се анализирани разните обичаи, суеверија кои биле присутни во овој период а воедно претставува и интересен факт што голем дел од овие практики на Балканот и во Турција останале неизменети до денешни дни. Книгата воедно содржи и бројни илустрации кои го придружуваат текстот, со што нејзината вредност станува двојно поголема, бидејќи на читателот му нуди еден поглед во минатото.

Според сѐ претходно изнесено може да се каже дека посоченото дело претставува особено добро четиво за почетно запознавање со оваа проблематика. Треба да се укаже на фактот дека книгата е пишувана на лесен научен но сепак популарен стил кој е прифатлив и за општата читателска публика. Од тука ова дело претставува полезно четиво за секого и добар учебник за студентите на катедрите за историја. Преку оваа книга се навлегува зад појавното во османлиското општество, овозможувајќи му на читателот да ги согледа основите на она што се нарекува османлиско општество и култура. Краткиот преглед на воено политичката историја на почетокот и останатиот текст органски се надоврзуваат формирајќи една скоро перфектна целина, дијалектички поврзувајќи ги и објаснувајќи ги определените општествени текови и настани. Кон книгата исто така е придружена и хронолошка таблица во која се застапени најважните моменти од османлиската историја.

Севкупно земено посоченото дело претставува сериозно научно дело, перфектно методолошки обработено, засновано врз историски извори, без произволни констатации, со одмерен речник и реално согледување на настаните и процесите. Според се претходно изнесено може да со полна одговорност ова дело да се препорача за користење кај научната и пошироката јавност.

Васко Гичевски
vasko.gicevski@gmail.com